ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА
КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
„КОМУНАЛЕЦ“ ц.о.
Бр. 04-103/7
13.02.2025 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ
КРИВА ПАЛАНКА

Ј.П. „КОМУНАЛЕЦ“ КРИВА ПАЛАНКА
Адреса: Крива Паланка, „Илинденска“ бр.17
Телефон и факс: 031*375-100 Директор; 375-747 Комерција
Жиро сметка: 320-1000050418-67 Централна Кооперативна Банка-Скопје
Жиро сметка 210-040270350130Тутунска Банка
Жиро сметка: 240-3500013189-69 УНИ-Банка
ЕДБ: MK4015989100876

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017 и 11/2018 и Службе весник на РСМ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022, и 208/2024) и Предлогот за вработуивање на кандидати по Јавен оглас број 07/2025 од Агенцијата за администрација, в.д.Директорот на Претпријатието на ден 12.02.2025 година донесе

# О Д Л У К А
## за избор за вработување на административни службеници по објавен Јавен оглас бр.07/2025

1.За извршител на работно место Раководител на сектор за финансиско работење, Сектор за финансиско работење, шифра на работно место КДР 01 02 Б02 008, во ЈП Комуналец-Крива Паланка се избира:
- Мери Стојановска, со идентификациски код F8BEAC7

2.За извршител на работно место Раководител на Одделение за човечки ресурси, Сектор за општи и правни работи, шифра на работно место КДР 01 02 Б04 064, во ЈП Комуналец-Крива Паланка се избира:
- Сунчица Николовска, со идентификациски код 7F26DFE

3.За извршител на работно место Раководител на Одделение за јавни набавки, Сектор за општи и правни работи, шифра на работно место КДР 01 02 Б04 011, во ЈП Комуналец-Крива Паланка се избира:
- Марија Стефановска Петковска, со идентификациски код F1F531D

4.Именуваните ќе бидат вработени на работните места од точка 1, 2 и 3 од оваа одлука, по конечноста на оваа Одлука;

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По барање на ЈП Комуналец-Крива Паланка, Агенцијата за Администрација објави Јавен оглас бр.07/2025 од 04.01.2025 година на својата веб страница како и во дневните весници ,,Нова Македонија”, ,,Слободен печат” и ,,Коха”, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана од страна на Агенцијата за Администрација со

Ј.П. „КОМУНАЛЕЦ“ КРИВА ПАЛАНКА
Адреса: Крива Паланка, „Илинденска“ бр.17
Телефон и факс: 031*375-100 Директор; 375-747 Комерција
Жиро сметка: 320-1000050418-67 Централна Кооперативна Банка-Скопје
Жиро сметка 210-040270350130Тутунска Банка
Жиро сметка: 240-3500013189-69 УНИ-Банка
ЕДБ: МК4015989100876

Решение бр.10-1952/257/1 од 16.01.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на административни работници за извршување на работите од точка 1, 2 и 3 на оваа одлука, спроведе административна Селекција за административни службеници, Записник бр.10-257/2 од 22.01.2025 година, Испит за административен службеник Записник бр.10-257/3 од 10.02.2025 година, проверка на веродостојност на докази и Интервју за административен службеник Записник бр.10-257/4 од 11.02.2025 година.

Врз основа на Конечната ранг листа на кандидатите од сите фази на селекцијата за вработување и Предлогот за вработување на кандидати по објавениот оглас бр. 07/2025 од 04.01.2025 година, со број бр.10-257/5 од 11.02.2025 година, в.д.Директорот на ЈП Комуналец-Крива Паланка одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По завршувањето на постапката за избор, раководното лице на институцијата носи решение, односно склучува договор за вработување на неопределено време.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата на администрација.

Доставено до
-Агенција за администрација
-Избраните кандидати
-Архива

Изработил:Даниела Стефановска-Одделение за општи и правни работи

ЈП„Комуналец“-Крива Паланка
в.д.Директор,
Далибор Стојановиќ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ »КОМУНАЛЕЦ« Ц.О. 1 КР. ПАЛАНКА